Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19 и 1/21), по барање на **Општина Центар - Скопје**, за пресадување на дрвја, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 4 (четири) дрвја (диви костени), кои се наоѓаат **долж улицата „Ленинова“ – Скопје.**
2. Пресадувањето на дрвјата треба да го организира барателот под надзор на ЈП “Паркови и зеленило” - Скопје на локација утврдена во кординација со ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје.
3. Пресадувањето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се задолжува ЈП “Паркови и зеленило” – Скопје, да изготви записник за сите дејствија предвидени во точка 1 од ова решение.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Општина Центар, ул.”Михаил Цоков” бр.1 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/331** од **19.05.2023** година, за пресадување на дрвја, што се наоѓаат **долж улицата „Ленинова“ – Скопје.**

Службеникот, од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвјата предмет на барањето, се јавно зеленило и дека се наоѓаат долж улицата каде се врши реконструкција на ул. „Ленинова“, како што е наведено во Правосилното Одобрение за градба Бр. УП1 бр.27-31 од 14.02.2023 год., издадено од Општина Центар.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичко планска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, .Надлежен субјект за реализација на ова решение е Општина Аеродром.

Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение.

Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и дека барателот располага со правосолно одобрение за градба. Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој орган има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење) од страна на барателот во соработка и под надзор на ЈП „Паркови и зеленило“ – Скопје.

Бидејќи во случајот не се врши сечење на зеленилото, не постојат услови да му се наметне обврска на барателот за компензациско садење.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/331/2**
**29.05.2023** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје и Архива

Изработил:
**Александра Гочевска**

_______________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

_______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

_______________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

_______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

_______________

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ), а во врска со барањето на Општина Центар – Скопје, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14-6/331/2** од 29.05.2023 година донесено од Градоначалникот на град Скопје.
**2**.Решението бр. 14-6/331/2 од 29.05.2023 година донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барањето на Општина Центар – Скопје, овој орган има донесено решение со кое се дозволува пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 4 (четири) дрвја (диви костени), кои се наоѓаат долж улицата “Ленинова” – Скопје.

Во барањето е наведено дека постои потреба од итна интервенција врз предметното зеленило, бидејќи градежните работи се во тек и во моментот значително е отежнат сообраќајот на наведената локација.

Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.

Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.

Овој орган како неспорно има утврдено дека со реализација на решението значително ќе се овозможи убрзување на градежните работи на улицата, наведена во решението, а со самото тоа ќе се овозможи непречено одвивање на сообраќајот, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-6/331/3**
**29.05.2023** година
Скопје

Изработил
Александра Гочевска
______________________________

Раководител на Одделение
Емил Дуровиќ
______________________________

Пом. Раководител на Сектор
Драги Митковски
______________________________

Раководител на Сектор
Зоран Лапевски
______________________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје

Зоран Глигоров
______________________________

Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Општина Центар - Скопје,** за кастрење на дрвја, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на дрвја, кои се наоѓаат **долж улицата „Ленинова“ – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвјата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Општина Центар - Скопје, ул. “Михаил Цоков” бр. 1 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/331** од **19.05.2023** година, за кастрење на дрвја, што се наоѓаат долж улицата **“Ленинова” – Скопје.**
Службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвјата предмет на барањето, пречат при реконструкција на улицата „Ленинова“. Барателот располага со Правосилно Одобрение за градба УП1 бр.27-31 од 14.02.2023 година, издадено до Општина Центар.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба дека треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/331/4**
**29.05.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот, ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје и Архива

изготвил:
______________________
**Александра Гочевска**

Раководител на Одделение
**Емил Дуровиќ**
______________________

Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
______________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**
______________________